# Службен весник на Република Македонија

**Број 44** **4 март 2016, петок** **година LXXII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1128. | **Одлука** за објавување јавен оглас за именување на претседател, заменик претседател, член и заменик член на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката...... | 2 |
| 1129. | **Одлука** за објавување јавен оглас за именување на претседател и два члена на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер................ | 2 |
| 1130. | **Висината на пензиските основици** на осигурениците односно лицата кои не оствариле плата односно надоместок на плата по 1 јануари 1970 година за пензии остварени во 2016 година.......................................... | 3 |
| 1131. | **Валоризационите коефициенти** за пресметување на платите од поранешните години за утврдување на пензиска основа на ниво на платите од 2015 година, за пензиите остварени во 2016 година................................ | 3 |
| 1132. | **Решение** за продолжување на важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија ...................................... | 4 |
| | **Огласен дел**...................................... | 1-28 |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1128.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, а во врска со членот 31 ставови (4) и (5) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 3/15, 192/15, 215/15 и 6/16), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 2 март 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕН И ЗАМЕНИК ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА РЕШАВАЊЕ НА ЖАЛБИ ВО ОБЛАСТА НА ЕНЕРГЕТИКАТА**

I. Собранието на Република Македонија објавува јавен оглас за именување на претседател, заменик претседател, член и заменик член на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката (во натамошниот текст: Комисија).

II. За председател, заменик претседател, член и заменик член на Комисијата може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови и тоа:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има најмалку десет години работно искуство во областа на енергетиката и

5) има положено психолошки тест и тест за интегритет.

III. Пријавата за учество на овој оглас, личната биографија и потребните документи за докажување на исполнувањето на условите од точката II. на оваа одлука, во оригинал или заверена копија на нотар, заинтересираните кандидати треба да ги поднесат до Собранието на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на оваа одлука во „Службен весник на Република Македонија“.

IV. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“ и во дневните весници „Дневник“, „Вечер“ и „Лајм“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1439/1
2 март 2016 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

**1129.**

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Македонија, а во врска со членот 31 ставови (3), (4) и (6) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ број 13/2006, 86/2008, 6/10, 42/14 и 148/15) Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 2 март 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ ЈАВЕН ОГЛАС ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ДВА ЧЛЕНА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

I. Собранието на Република Македонија објавува јавен оглас за именување на претседател и два члена на Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер (во натамошниот текст: Комисија).

II. За претседател на Комисијата се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правен факултет;

3) има осум години работно искуство во областа на информирањето и правните работи;

4) да не е член на политичка партија и

5) има положено психолошки тест и тест за интегритет.

III. За член на Комисијата се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правен факултет;

3) има пет години работно искуство во областа на информирањето и правните работи;

4) да не е член на политичка партија и

5) има положено психолошки тест и тест за интегритет.

IV. Пријавата за учество на овој оглас, личната биографија и потребните документи за докажување на исполнувањето на условите од точките II. и III. на оваа одлука, во оригинал или заверена копија на нотар, заинтересираните кандидати треба да ги поднесат до Собранието на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на оваа одлука во „Службен весник на Република Македонија“.

Заинтересираните кандидати, со документите од ставот 1 на оваа точка треба да достават и лична изјава заверена на нотар за исполнување на условот од потточка 4) на точките II. и III. од оваа одлука.

V. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и во весниците „Дневник", „Вечер“ и „Лајм".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-1440/1
2 март 2016 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

# ФОНД ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**1130.**

Врз основа на член 21 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Сл.весник на РМ“ бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 217/15, 13/16 и 27/16) и Соопштението на Државниот завод за статистика за исплатена просечна бруто плата по вработен во Република Македонија број 4.1.16.14 од 25.2.2016 година, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, ја утврдува и објавува

## ВИСИНАТА НА ПЕНЗИСКИТЕ ОСНОВИЦИ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ ОДНОСНО ЛИЦАТА КОИ НЕ ОСТВАРИЛЕ ПЛАТА ОДНОСНО НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА ПО 1 ЈАНУАРИ 1970 ГОДИНА ЗА ПЕНЗИИ ОСТВАРЕНИ ВО 2016 ГОДИНА

1. Висината на пензиските основици за осигурениците и лицата кои не оствариле плата односно надоместок на плата по 1 јануари 1970 година, според стручната подготовка изнесува:
   - за висока стручна подготовка.....20.507,00 денари
   - за виша стручна подготовка или подготовка за висококвалификуван работник...................................... 17.110,00 денари
   - за средна стручна подготовка или подготовка за квалификуван работник...................................... 15.524,00 денари
   - за стручна подготовка на полуквалификуван работник односно нижа стручна подготовка .................................. 13.699,00 денари
   - за осигуреници и лица без стручна подготовка................ 13.203,00 денари

2. Износите од точката 1 на ова известување се смета како просечна плата остварена во 2015 година и служи за утврдување на пензиската основа на осигурениците односно лицата кои не оствариле плата, а кои право на пензија остваруваат во 2016 година.

Бр. 02-1309/1
1 март 2016 година
Скопје

в.д. Директор,
**Шаип Зенели**, с.р.

---

**1131.**

Врз основа на член 33 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Сл. весник на РМ“ бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 217/15, 13/16 и 27/16) и Соопштението на Државниот завод за статистика за исплатената плата по вработен во Република Македонија бр. 4.1.16.15 од 25.2.2016 година, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ги утврдува и објавува

## ВАЛОРИЗАЦИОНИТЕ КОЕФИЦИЕНТИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ ОД ПОРАНЕШНИТЕ ГОДИНИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПЕНЗИСКА ОСНОВА НА НИВО НА ПЛАТИТЕ ОД 2015 ГОДИНА, ЗА ПЕНЗИИТЕ ОСТВАРЕНИ ВО 2016 ГОДИНА

1. Платите остварени од 1970 до 2015 година што се земаат за утврдување на пензиската основа се пресметуваат според просечната плата на вработените во Републиката од 2015 година, како последна календарска година што и предходи на годината во која осигуреникот го остварува правото на пензија, со валоризационите коефициенти што се пресметуваат врз основа на статистичките податоци за движењето на платите на сите вработени во Републиката, и тоа:

| Година | Просечна плата | Коефициенти |
|---|---|---|
| 1970 | 0,00 | 19.283.450,7042 |
| 1971 | 0,00 | 16.036.603,2211 |
| 1972 | 0,00 | 13.480.615,3846 |
| 1973 | 0,00 | 11.701.923,0769 |
| 1974 | 0,00 | 9.127.500,0000 |
| 1975 | 0,00 | 7.270.494,5237 |
| 1976 | 0,00 | 6.377.292,5764 |
| 1977 | 0,00 | 5.359.921,7030 |
| 1978 | 0,00 | 4.468.788,2497 |
| 1979 | 0,01 | 3.793.246,7532 |
| 1980 | 0,01 | 3.154.211,6631 |
| 1981 | 0,01 | 2.484.518,5437 |
| 1982 | 0,01 | 1.945.643,4852 |
| 1983 | 0,01 | 1.556.265,9847 |
| 1984 | 0,02 | 1.120.970,2180 |
| 1985 | 0,03 | 667.438,5302 |
| 1986 | 0,07 | 328.278,1358 |
| 1987 | 0,13 | 163.578,9332 |
| 1988 | 0,36 | 60.896,3489 |
| 1989 | 6,42 | 3.412,1495 |
| 1990 | 38,54 | 568,3965 |
| 1991 | 77,85 | 281,3873 |
| 1992 | 764,00 | 28,6728 |
| 1993 | 4.854,00 | 4,5130 |
| 1994 | 9.009,00 | 2,4316 |
| 1995 | 9.373,00 | 2,3371 |
| 1996 | 9.445,00 | 2,3193 |
| 1997 | 9.469,00 | 2,3134 |
| 1998 | 9.623,00 | 2,2764 |
| 1999 | 9.754,00 | 2,2458 |
| 2000 | 9.942,00 | 2,2034 |
| 2001 | 10.552,00 | 2,0760 |
| 2002 | 11.279,00 | 1,9422 |
| 2003 | 11.824,00 | 1,8527 |
| 2004 | 12.293,00 | 1,7820 |
| 2005 | 12.597,00 | 1,7390 |
| 2006 | 13.517,00 | 1,6206 |
| 2007 | 14.584,00 | 1,5021 |
| 2008 | 16.096,00 | 1,3610 |
| 2009 | 19.957,00 | 1,0977 |
| 2010 | 20.553,00 | 1,0658 |
| 2011 | 20.847,00 | 1,0508 |
| 2012 | 20.902,00 | 1,0480 |
| 2013 | 21.145,00 | 1,0360 |
| 2014 | 21.394,00 | 1,0239 |
| 2015 | 21.906,00 | 1,0000 |

2. Пензиите пресметани со коефициентите од точка 1 на ова известување, а согласно членот 37 став 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, се сведуваат од просечно на месечно ниво со коефициент 1,0350.

Бр. 02-1309/2
1 март 2016 година
Скопје

в.д. Директор,
**Шаип Зенели**, с.р.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1132.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 151, став 6 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15 и 06/16), и член 10, став 5 од Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.18/12, 97/12, 63/13 и 25/15), а постапувајќи по барањето на Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги ИТАЛИАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАТИОН ДОО Скопје, на ден 2.3.2016 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ВАЖНОСТА НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕН СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Важноста на Решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08 - 17/13 од 8.5.2013 година, на Друштвото за проектирање, градежништво, производство и услуги ИТАЛИАН МАЦЕДОНИАН ПОВЕР ГЕНЕРАТИОН ДОО Скопје, се продолжува до 24.7.2016 година.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување, а се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 бр. 08-17/13
2 март 2016 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – Вероника Наумовска
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2016 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2016044